| | |
|---|---|
| **Неделна тема** | Природата во пролет |
| **Содржина на денот** | Береме цвеќиња |
| **Возраст** | 2-3 години |
| **Воспитувач** | Анета Ивановска |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Редовно миење на рацете по активности во домот и надвор (слика 1). |
| **Активност** | Пријатните пролетни денови искористете ги за активности во природа, блискиот парк. Додека се движите , поттикнете го детето да ја набљудува околината-природата и запрашајте го што забележало. Низ неколку прашања повторете ги сознанијата за промените и појавите во годишното време пролет (слика 2).<br>Пронајдете со детето некоја ширинка-полјанка каде ќе има многу цвеќиња (слика 3). Дозволете му на детето да се растрча слободно да ја почуствува слободата на движење и впие убавините на природата (слика 4). За да се смири нека изведе вежби за дишење. Вдишувајќи нека ги крева рацете над главата, а кога издишува да ги спушта рацете надолу до телото. Вежбата нека ја повтори неколку пати.<br>Предложете му на детето да набере цвеќиња и да направи голем букет од нив (слика 5). Разговарајте за нивната убавина, опишувајте ги и именувајте. Зададете му  на детето задача да ги групира цвеќињата по боја и истовремено нека ја именува бојата. Потоа може да ги групира и според големината-мали и големи цветови.<br>За успешно реализираната задача можете да го израдувате плетејќи венче од цвеќињата (слика 6). Дозволете му да помага и тоа со подавање на цвеќиња со што детето би било среќно и задоволно. |